**З А П И С Н И К бр. 1**

Од одржаната 1-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 13.11.2025 год. со почеток во 12:00 ч, во просториите на Општина Зрновци во Зрновци. На седницата беа присутни 9 советници. Останати присутни: Градоначалникот на Општина Зрновци г-динот Ванчо Митев, Методи Николов, Благој Данев и Милена Крушарева Велкова– записничар.

На седницата беше предложен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на записникот од 59-та седница на Советот на Општина Зрновци
2. Усвојување на Записникот од Првата Конститутивна седница
3. Предлог- Решение за формирање на работните тела (одбори и комисии) на Советот на Општина Зрновци и тоа следните:
   - Предлог-Решение за именување на еден член од Советот на Општина Зрновци во состав на Училишен одбор на ОУ Синиша Стоилов во Зрновци
   - Предлог- Решение за именување на членови од Советот на Општина Зрновци кои ќе учествуваат при склучување бракови
   - Статутарно правна комисија и прописи
   - Коисија за финансии и Буџет и ЛЕР
   - Комисија за урбанизам , комунална дејнст и заштита на животната средина
   - Комисија за образование, култура, спорт
   - Комисија за здравство и социјална заштита
   - Комисија за јавна безбедност, противпожарна заштита и безбедност во сообраќајот
   - Комисија за одбележување на празници, манифестации, доделување на наградаи и оризнанија
   - Комисија за земјоделие
   - Комисија за прекугранична соработка
   - Комисија за донесувањ на програми за работа на Совет
   - Комисија за месна самоуправа
   - Комисија за еднакви можности на жените и мажите
   
   Советот за заштита на потрошувачите:
   - Од редот на правните лица
   - Од редот на физички лица
4. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Зрновци за 2025 година
5. Барање од Станојко Герасимов од с.Видовиште
6. Разно

Претседателот на Советот на Општина Зрновци праша дали некој има нешто друго да надополни. Бидејки никој не побара збор Предлог дневниот ред е ставен на гласање. Гласаа 9 (девет) советници ЗА, со што Предлог дневниот ред е усвоен.

**Тек на седницата**

**1.Усвојување на записникот од 59-та седница**

Претседателот на Советот ги праша советниците дали некој има забелешки по записникот од 59-та Седница на советот, бидејки никој не се јави за збор Записникот е ставен на гласање и изгласан со 9 (девет) гласа ЗА, констатирано е дека Записникот е усвоен.

**2. Усвојување на Записникот од Првата Конститутивна седница**

Претседателот на Советот откако го прочита Записникот од Првата Конститутивна седница која се одржа на ден 12.11.2025 година и ги праша советниците дали некој има забелешки по записникот, бидејки никој не се јави за збор Записникот е ставен на гласање и изгласан со 9 (девет) гласа ЗА, констатирано е дека Записникот е усвоен

**3. Предлог- Решение за формирање на работните тела (одбори и комисии) на Советот на Општина Зрновци**

Советникот Тоше Николов зеде збор и реагира зашто Предлогот за Комисии е веќе даден на нас советниците, а не истиот ние како Комисија да го предложеме. Претседателот кажа дека ова не е официјално и е подложно на промени. Методи Николов зеде и кажа дека ова е само предлог од Мандатната Комисја, и истиот може да подлежи на промени.

- **Предлог-Решение за именување на еден член од Советот на Општина Зрновци во состав на Училишен одбор на ОУ Синиша Стоилов во Зрновци.** Тоше зеде збор и бара изјаснување за неговиот предлог, пред да се почне со гласањето на комисиите.Претседателот даде предлог во Комисиите која ке брои повеке членови, нека бидат по 2 члена од поголемите партии, а по еден претставник од помалите партии. За именување на член на Училишен одбор од страна на комисијата е предложена советничката Љупка Горгиева Атанасова. Предлогот е усвоен со 9(девет) гласа ЗА.
- **Предлог- Решение за именување на членови од Советот на Општина Зрновци кои ќе учествуваат при склучување бракови.** Методи Николов зеде збор и даде појаснување дека до сега е било пракса за сите членови учествуваат при склучување на бракови.Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 9 (девет) ЗА. Кнстатирано е дека предлогот е усвоен.
- **Статутарно правна комисија и прописи.** Како членови на оваа Комисија се предложени Благој Бошков Претседател на оваа Комисија, Снежана Крстевска, Љупка Горгиева Атанасова, Александар Андонов и Тоше Николов.Претседателот на Советот даде предлог наместо Снежана Крстевска да биде Борче Веселинов. Методи Николов зеде збор и даде комисиите не се дефинитивни, сите предлози што ќе ги дадат комисиите пак ке дојдат до советот и советот е тој што ке ги исгласува. Предлогот беше ставен на гласање . Гласаа 5 (пет) советници За , 4(четири) советници против.Констатирано е дека предлогот е усвоен.
- **Комисија за финансии и Буџет и ЛЕР.** Тоше Николов зеде збор ако се усвојуват предлози на овој начин , нашата советничка група, односно советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе ја напуште седницата се до исцрпување на оваа точка, односно се до наредната точка која е усвојување на Ребаланс на буџетот. Советниците од ВМРО , Тоше Николов, Сара Коцева, Лидија Николова и Борче Веселинов, ја напуштија расправата по оваа точка . Претседателот на Советот продолжи со водење на Советот и по оваа точка за членови на оваа Комисија за финансии и Буџет и ЛЕР беа предложени, Александар Андонов Претседател, Љупка Горгиева Атанасова, Благој Бошков, Илија Ристов и Лидија Николова. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за урбанизам , комунална дејнст и заштита на животната средина.** За членови на оваа комисија беа предложени Љупка Горгиева Атанасова претседател, Александар Андонов, Благој Бошков, Снежана Крстевска и Борче Веселинов. Предлогот е ставен на гласа. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за образование, култура, спорт**, За членови на оваа Комисија беа предложени Љупка Горгиева Атанасова Претседател, Илија Ристов, Лидија Николова, Снежана Крстевска и

Сара Коцева. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.

- **Комисија за здравство и социјална заштита**. За членови на Оваа Комисија беа предложени Тоше Николов Претседател, Благој Бошков,Лидија Николова , Илија Ристов и Снежана Крстевска. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за јавна безбедност, противпожарна заштита и безбедност во сообраќајот**. За членови на оваа Комисија беа предложени Борче Веселинов Претседател, Александар Андонов, Илија Ристов, Лидија Николова и Снежана Крстевска. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за одбележување на празници, манифестации, доделување на нагрдаи и оризнанија.** За членови на оваа Комисија беа педложени Лидија Николова претседател, Александар Андонов, Благој Бошков, Сара Коцева и Илија Ристов. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за земјоделие.** За членови на оваа Коисија беа предложени Борче Веселинов Претседател, Благој Бошков, Александар Андонов, Тоше Николов, Љупка Горгиева Атанасова Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за прекугранична соработка**. За членови на оваа Комисија беа предложени Благој Бошков Претседател, Љупка Горгиева Атанасова, Александар Андонов, Лидија Николова и Снежана Крстевска. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за донесување на програми за работа на Совет**. За членови на оваа Комисија се предложени Љупка Горгиева Атанасова Претседател, Борче Веселинов и Благој Бошков. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за месна самоуправа**.За членови на оваа Комисја беа предложени Благој Бошков Претседател, Илија Ристов , Александар Андонов, Љупка Горгиева Атанасова, и Сара Коцева. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.
- **Комисија за еднакви можности на жените и мажите,** За членови на оваа Комисија беа предложени Љупка Горгиева Атанасова Претседател, Сара Коцева, Снежана Крстевска, Лидија Николова, Благој Бошков. Предлогот е ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА, по што предлогот е усвоен.

**Советот за заштита на потрошувачите:**

- Од редот на правните лица
- Од редот на физички лица

Оваа точкка од Советот за заштита на потрошувачите од редот на правните и физичките лица е оставена за наредна седница , најпрво да се повикаат физичките лица, како и претставници од редот на правните лица и Одговорното лице на Општината да направи состанок со истите.

**4. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Зрновци за 2025 година**

По оваа точка беше повикана Ленче Илиова од Одделението за финансиски прашања. Се наметна неминовна потреба од дополнување и измена на Буџетот на Општина Зрновци за 2025 година. Во самата фискална табела се впишани податоци како во колоната Буџет, така и во колоната Ребаланс. Измените се однесуваат само во внатрешноста на расходниот дел, односно за програмата за образование и програмата за детска градинка. Приходите се постоечки и останува непроменети, додека измените се прават само во расходниот дел. И во самата документација која што е дадена на сите советници , во билансот на приходи може да се види дека нема никакви промени, односно дека остануваат исти. Ленче даде образложение и појаснување за секоја ставка и подставка, група и подгупа од изготвениот ребаланс. Промена има само во плати на вработените во образованието и придонеси од плати. Со секое покачување на плата на вработените следувале и дополнителни средства, меѓутоа оваа година од постоечкиот Буџет ке мора од некаде да се скрати за да можат да си

ги пресметаат платите за ноемвриската плата во декември да имаат доволно средства за исплата. Мора од некаде да се скрати за да се обезбеди за плати, односно да се избалансира Буџетот, појасни Ленче. Кај детска градинка во месец февруари имаа барано средства за директор, за директор од надвор и тие пари мора да бидат планирани во буџетот, односни тие пари мора да бидат во плус, не во минус, бидејќи кога ке види Министерството за финансии дека постојат средства за плата , полесно ке им биде дадена согласноста, изјави Ленче. Бидејќи таа постапка е завршени, тие пари остануваат, од причина што директорот на детскта градинка е лице од внатрешноста на градинката, не е лице од надвор, тие пари се кратат односно се распоредуваат во колоната дотации за средства таму каде им се потребни на институцијата. Има намалување кај електричната енергија, кај течните горива, за канцелариски материјал,за набавка на обувки на вработените, за прехрамбени продукти и пијалоци, средства за хигиена, одржување на установата за дезинфекција, и за испитување на громобраните и заземјување , распоредено и зголемено кај други договорни услуги, за објавување на други оперативни расходи итн. Оваа распределба е направена за да можат да се искористат средставта од наменската сметка, односно од дотации, а за да си ги покријат обврските кои ги имат за потребна набавка, изјави Ленче. Никој друг не побара збор , предлогот е ставен на гласање. Гласаа 9 (девет) советници ЗА. Констатирано е дека **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Зрновци за 2025 година е усвоена.**

5. **Барање од Станојко Герасимов од с.Видовиште**. Барањето беше прочитано од Претседателот на Советот. Ставено е на гласање. Усвоено е со 9(девет) гласа ЗА , да му биде исплатено износ од 20.000, 00 денари

6. **Разно**

Тоше Николов зеде збор со известување до Претседателот на Совет, дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да присуствуваат на седници на Совет , без претходна најава за совет и без претходно обезбедени материјали , бидејќи тоа е кршење на деловодникот за работа. Ако повторно дојде до вакво нешто ке бидеме приморани да поднесеме жалба до Министерстото за локална самоуправа. Претседателот на Совет јавно се извини и кажа дека ова итно закажување на Совет беше од причина што мораше да се изгласа ребалансот на буџетот на Детска градинка,, Бисерчиња. Лидија Николова зеде збор, за комисијата која беше направена претходниот ден, односно комисијата за верификација на мандатите, истата е требало да присуствува во формирањето на другите дванаесет комисии. Постави прашање кој ги имаше направено овие Комисии. Претседателот кажа дека тоа е нешто што подложи на промена и не би требало да претставува кочница за дејствување/недејствување за некоја работа. Сара Коцева, зеде збор , може нема да се снајде во некоја комисија во која веке е ставена, Комсиите требаше да бидат формирани и направено од Верификационата комисија, а не на претходно изготвени комисии и ние само да ги гласаме и да знаеме кој член каде може и во која Комисија би можел да се снајде и да работи.

Градоначалникот зеде збор комисиите кои беа предложени од статутутарни правните комисии Ви беа дадени на увид, Вие како советници во текот на расправата можевте да учествувате со Ваши предлози. И секој Ваш предлог ќе беше ставен на гласање, додека Вие без причина го напуштивте советот, без да ја разберете суштината на целата работа, изјави Градоначалникот. Градоначалникот напомена дека Сите предлози од Комиситe ке бидат ставени на усвојување на совет и не значи дека секој предлог од Комисијата ќе биде усвоен.

Бидејќи никој друг не побара збор седницата заврши во 13.00 часот.

Записничар
Милена Крушарева Велкова

Претседател на Совет
Благој Бошков